РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-1500/2
од 25. 04. .2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПЛЕТВАР СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат го опфаќа селото Плетвар, на подрачјето на КО Плетвар во Општина Прилеп. Селото Плетвар и КО Плетвар се наоѓа североисточно од градот Прилеп опкружено со атарите на селата: Ореовец и Крстец од север, Тројаци од исток, Беловодица и Корке од југ, Леништа од запад.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Плетвар со разработка на блок 3, Општина Прилеп се дефинирани со Условите за планирање на просторот бр. УП-15 3911/1 год. 01.06.2016, **зафаќа површина од 31,84 ха**, е дефиниран со следните граници:

- на север границата се движи по северната граница на КП 448, КП 447, КП 446, КП 445, источната граница КП 444, КП 443, КП, северната граница на КП 417, КП 416, КП 405/1, КП 405/2, КП 404, КП 403, КП 446, КО Плетвар, Општина Прилеп.
- на исток продолжува низ КП 446, КП 432/2, КП 423/1 КП 2916, продолжува по источната граница на КП 361, КП 360, КП 358, КП 357, КП 356/ КП 354, КП 353/1, КП 353/1, КП 352, КП 348, КП 347, КП 1504 КО Плетвар, Општина Прилеп,
- на југ границата продолжува по јужната граница на КП 2910/4, КП 1284, КП 1283/3, КП 1283/2, КП 1296/2, КП 1295/3, КП 1297, КП 1298, КП 1299, КП 1301/2, КП 1303/4, минува низ КП 1303/1, КП 1305, КП 1308, КП 1307, КП 2902, продолжува по јужната граница на КП 134, КП 1325, КП 1327/1, КП 1327/3 КО Плетвар, Општина Прилеп
- на запад продолжува по западната граница на КП 1327/3, ја сече КП 1335, продолжува по западната граница на КП 1345, КП 1346, КП 1348, КП 1349, КП 1356, КП 1357, КП 948, КП 1358, КП 539, КО Плетвар, Општина Прилеп.

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПЛЕТВАР СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп